Вера СТОЈАНОВСКА УДК: 125:004.738.52

# МОДЕЛ НА WEB СТРАНА ЗА УЧИЛИШЕН ПЕДАГОГ

***Кратка содржина***

*Во овој текст е презентиран предлог модел на web страна за училишен педагог. Глобалната структура на предложениот модел ја сочинуваат следните компоненти: лична карта на педагогот, програма за работа на педагогот, инструменти, теми за стручни предавања, проектни активности и педагошки новини. За секоја од овие глобални структурни компоненти т.е. хиперлинкови, разработени се конкретни содржини кои се од важност за претставување на училишниот педагог и неговата стручна работа во основното училиште.*

***Клучни зборови:*** *УЧИЛИШЕН ПЕДАГОГ, WEB СТРАНА, ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ.*

WWW (World Wide Web) претставува мултимедијален дел на Интернетот кој служи за пронаоѓање и трансфер на информации. WWW ја сочинуваат голем број на презентации на институции и поединци кои се наоѓаат на различни локации во светот. Презентациите се креирани од кодови кои овозможуваат поврзување на повеќе документи и едноставно преминување од една на друга локација. Овој пристап на информации обезбедува податоци во согласност со индивидуалните интереси, што од аспект на образованието претставува посебна вредност.

Последниве години се позабележително е искористувањето на оваа можност за презентирање на голем број на институции и поединци од различни сфери на дејствување. Презентирањето на институциите и поединците преку www овозможува транспарентност на нивната работа, размена на искуства, поттикнување на соработка, а притоа надминувајќи ги просторните и временските бариери. Имајќи ги предвид предностите на ваквиот начин на претставување, од една страна и отсуството на претставување на училишните педагози и нивната работа преку www, од друга страна, не предизвика на размисла за креирање на еден модел на web страна за училишен педагог, кој би

послужил како основна идеја за креирање на сопствена web страна на секој училишен педагог.[1]

Предлог моделот на web страна за училишниот педагог содржи пред се, содржини за кои оценивме дека ќе бидат од интерес за наставниците, родителите, учениците, стручните работници, но и за други субјекти. Овој модел на web страна за училишен педагог, може да се збогати и со други содржини за кои ќе оцени училишниот педагог дека се од важност за претставување на неговата работа.

Во продолжение на текстот ќе дадеме краток опис и илустративен прилог на некои сегменти содржани во моделот на web страната за училишен педагог.

Визуелниот изглед на почетната web страна, како и главните структурни компоненти на истата, се претставени на следната слика.




*Сл.1 Структурни компоненти на почетната web страна за училишен педагог*

[1] Идејата за изработка на web страна за училишен педагог произлезе како резултат од проучувањето на темата на докторската дисертација со наслов: „Кооперативна активност на училишниот педагог и наставниците во основното училиште", којашто авторот на овој труд ја одбрани во 2002 година на Филозофскиот факултет во Скопје.

На почетната страна се дадени неколку насоки (хиперлинкови) и тоа:

- Лична карта на педагогот
- Програма за работа на педагогот
- Инструменти
- Теми за стручни предавања
- Проектни активности
- Педагошки новини

Како помошен дел за побрз и поедноставен пристап на целата web страна се дадени:

- **Почеток** – враќање кон првата страна,
- **Контакт** – испраќање електронска пошта (предлози, сугестии, информации)
- **Линкови** – поврзување со позначајни Интернет страни од земјата и од светот од областа на образованието.

Во продолжение на текстот ќе се осврнеме поединечно на претставување на секој хиперлинк од почетната страна.

### Лична карта на педагогот

Во хиперлинкот „Лична карта на педагогот“ се содржани биографски податоци за училишниот педагог и други податоци што се од важност за негово претставување.

### Програма за работа на педагогот

Страната која ја опишува програмата за работа на педагогот ги содржи елементите прикажани на следната слика.




*Сл. 2 Почетна страна на програмата за работа на педагогот*

Во рамките на оваа страна се дадени можности за увид во годишната и месечните програми, но и во посебната програма за воспитно – образовна работа во училиштето и извештајот за работата на училишниот педагог од претходната учебна година. Со отворањето на хиперлинкот „Годишна програма“ секој заинтересиран ќе може да се запознае со тоа што училишниот педагог предвидува да работи во текот на актуелната учебна година во глобални рамки. Додека, пак, во хиперлинкот „Месечна програма“, поединечно се внесуваат оперативните програми за работа на педагогот за секој месец од учебната година, а во „Извештај за работа на училишниот педагог“ се дава во целост извештајот од работата на педагогот од претходната учебна година. Последниве неколку години училишните педагози практикуваат да издвојат и приоритентна задача или неколку задачи на кои ќе работат во текот на учебната година. Токму поради тоа, во оваа креација на web страна е внесен и хиперлинкот, со наслов „Посебна програма за воспитно образовна работа во училиштето“.

Како илустрација за овој сегмент на моделот е даден извадок од годишна и една месечна програма за работа на училишен педагог и од неговиот извештај за работа.




*Сл. 3 Дел од годишна програма за работа на педагогот*




*Сл. 4 Почетна страна на месечна програма за работа на педагогот*




| Програмско подрачје | конкретни активности | соработници | инструменти за работа | време на реализација и забелешка |
|---|---|---|---|---|
| активности во ВОР | прием на првачињата и прв училишен ден. одбележување на 8 септем. | наставници, ученици, директор | разна литература | I недела септември I' недела септември |
| активности во ВОР | игри за разрешување на конфликти во IV одделен (запознава. и објаснување) | одделенски наставник и ученици од IV одд. | прирачник и работни листови | IV недела |
| следење на воспитно-образовната работа | следење на педагошка документација, годишни и тематски распределени, и изготвување на инструменти за спроведување на активност., супер одделение. | директор, наставници, одделенски раководители и ученици | одделенски книги, наставни планови и распределенија, разговори и анализа | IV недела<br>I - II недела |
| аналитичко - истражувачка работа | читање со разбирање и брзина и точност во читањето во IV одделен | ученици од IV одделение, одд. наставници | индивидуални листови, прашања | цел месец |
| аналитичко - истражувачка работа | анализа на цртежите од I одд. за IQ и | наставници | цртежите од I одд. и аналитички листови | цел месец |
| советодавно-консултативна работа | работа со наставници, учениците и родители Предавања за родителите од I и V одд. и за учениците од I и V одд. | наставници ученици родители | литература и протокол за следење | I недела септември<br>и континуирано |



*Сл. 5 Програма за работа на педагогот за месец септември*




Училишен педагог

Во текот на учебната 2000/2001 година во училиштето работеа два педагога, еден психолог, еден директор и наставник-библиотекар. Сите овие стручни лица работеа по однапред планирани изготвени Програми за работа кои воглавно и ги реализираа.

Извештај за работата на училишниот педагог

Врз основа на сите програмски документи во изработката на Годишната програма за работа на училишниот педагог, одговорен за унапредување на дејноста во предметна настава во ОУЦП "Блаже Конески" Велес планираните содржини се остварени низ Годишниот извештај за извршените активности.

Во тој дел како рамки ќе послужат следните делови:
А - Податоци и информации за реализирани содржини и активноти со Годишна програма на училишниот педагог;
Б - Квантифицирани податоци за реализирани активности;
В - Заклучни согледувања, констатации и оценки за успешност во работите:
Воведен дел:
За солидната реализација на планираните содржини од Годишната програма на училиштето и педагогот, битен и основен фактор преставуваше солидната тимска, индивидуална и фронтална соработка на личноста со наставен кадар од предметна настава, за што потврдуваат стручните материјали, извештаи, анализи на многубројните активности остварени низ сите програмски подрачја во ВОР на училиштето, потврдени со добрата соработка со



*Сл. 6 Дел од извештај за работата на училишниот педагог*

Овој начин на презентирање на програмата за работа на училишниот пегагог овозможува на секој заинтересиран, било наставник, родител, ученик, или било кој друг, да биде конкретно запознаен со работата и работните задачи кои ова стручно лице ги планира и ги реализира во училиштето во кое работи.

## Инструменти

Страната за „Инструменти" дава можност за пристап до инструментите кои училишниот педагог ги користи во функција на реализација на определени воспитно-образовни активности во училиштето. Тие се: евидентни листи, прашалници, протоколи, скали на судови и тестови.




*Сл. 7 Почетна страна за инструментите кои училишниот педагог ги користи*

На следните слики претставуваме некои извадоци од делот инструменти, содржан во web страната за училишен педагог, поточно даваме пример на евидентен лист за прибирање на податоци од следењето на дневната подготовка на наставниците содржан во хиперлинкот „Евидентни листи" и извадок од анкетен лист за родители, содржан во хиперлинкот „Прашалници".



УЧИЛИШЕН ПЕДАГОГ

**ЕВИДЕНТЕН ЛИСТ**

за прибирање податоци од следењето на дневната подготовка за наставните часови во наставата по одделни наставни предмети

Наставен предмет ______________________
Предметен-одделенски наставник ______________________
Учебна година ______________________

| ред. бр | НАСТАВНИ ЕДИНИЦИ СПОРЕД РЕДОСЛЕДОТ НА НИВНО ПЛАНИРА. | Изработен план на часот | Број на планирани задачи | | | Методска осмисленост на часот да ........ не | | | извршен консулт со педаг | бр на коресци по консулт |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | да не | воспитн | образов | функцио | вовед | главен д | завршен | да не | да не |
| | | | | | | | | | | |

почеток контакт линкови

*Сл. 8 Евидентен лист за прибирање на податоци од следењето на дневната подготовка на наставниците*



УЧИЛИШЕН ПЕДАГОГ

**АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА РОДИТЕЛИ**

Со цел да изградиме поголема доверба и соработка меѓу училиштето и семејството, а во интерес на учениците се одлучивме Вас да Ве анкетираме. Вашето мислење и Вашите сугестии за нас се значајни, бидејќи ќе ни овозможат да согледаме како да ја подобриме соработката со Вас.

**1. За кои форми на соработка се определувате:**

*а) Општи родителски средби,*

*б) Класни родителски средби,*

*в) Индивидуални контакти,*

*г) Ден на "Отворени врати во училиштето",*

*д) Индивидуални контакти со:*

почеток контакт линкови

*Сл. 9 Анкетен лист за родители*

Овој дел од web страната овозможува на сите заинтересирани субјекти да се запознаат со инструментите што училишниот педагог ги користи во воспитно-образовната работа во училиштето во кое работи. Но, исто така, со ова се дава и можност за размена на искуства и инструменти.

## Теми за стручни предавања

Страната „Теми за стручни предавања" содржи список на теми за стручни предавања кои училишниот педагог планира да ги реализира со наставниците во текот на учебната година, тема на месецот (која според програмата на училишниот педагог за стручно усовршување на наставниците е предвидена да се реализира во текот на месецот) и библиографија на трудови од областа на актуелната тема за месецот.




*Сл. 10 Почетна страна за темите за стручни предавања на училишниот педагог*

Во хиперлинкот „Список на теми за стручни предавања" се внесуваат сите теми коишто училишниот педагог планира да ги реализира со наставниците во текот на учебната година, со можност

наставниците да избираат и да предлагаат која од наведените теми треба да биде приоритетна за реализација во конкретен временски период (месец). Од така направениот избор на теми, училишниот педагог ја обработува темата за конкретниот месец и содржината од истата ја дава во хиперлинкот „Тема на месецот", а во делот „Библиографија на темата" изготвува и дава библиографија на трудови од областа на актуелната тема за конкретниот месец. Од изготвената библиографија, наставниците или било кој друг, ќе има можност да пронајде дела кои го третираат актуелниот проблем, а воедно со направениот избор ќе можат да ги прошират и продлабочат знаењата од конкретната област.

### Проектни активности

На првата страна за „Проектни активности", се наведени некои проекти кои се реализираат во основното училиште, со можност за добивање подетални информации за секој од нив, како и за активностите кои се преземаат или се реализираат во врска со нив во училиштето.




*Сл. 11 Почетна страна за проектните активности во училиштето*

Во овој случај се претставени проектите коишто се најзастапени во нашите основни училишта. Но, секој училишен педагог во овој дел, во сопствената web страна, ќе ги претстави само оние проектни активности кои се реализираат во училиштето во кое тој работи.

За илустрација на разработката на проектните активности, во продолжение на текстот, како пример го даваме пристапот за проектната активност „Активна настава – интерактивно учење" каде што можат да се добијат повеќе информации за концепцијата на проектот, резултатите од неговата реализација, активностите во врска со проектот, како и билтенот „Информатор", кој излегува периодично во рамките на проектот „Активна настава – интерактивно учење".




*Сл. 11 Почетна страна за проектот „Активна настава-интерактивно учење"*

На ваков начин училишните педагози можат да ги претстават и останатите проектни активности кои се реализираат во нивното училиште. Овие информации даваат можност, секој посетител да се запознае со проектите кои се реализираат во конкретното училиште, со нивната концепција, искуствата што ги имаат од нивната реализација во училиштето, активностите кои се преземаат во рамките на училиштето и други релевантни информации, во врска со нивната реализација.

## Педагошки новини

На страната „Педагошки новини“ се дадени искуства од праксата т.е. од некои реализирани активности во училиштето, како и од други училишта, информации за курсеви, семинари, содржини кои ги нуди најновиот број од педагошкиот весник „Просветен работник“ и списанието „Просветно дело“ или било кој друг извор на информации, за кој училишниот педагог ќе оцени дека е потребно негово претставување на web страната.




*Сл.12 Почетна страна за педагошки новини*




*Сл.13 и 14 Извадоци од педагошкиот весник „Просветен работник“*

Од содржините опфатени во овој хиперлинк, секој заинтересиран ќе има можност да се запознае со она што е најново во сферата на педагошката работа на училиштето и пошироко, да добие информации за разни актуелни курсеви, конкурси, семинари, содржини на педагошки списанија и весници и слично.

## Линкови

На оваа страна се дадени линкови т.е. интернет врски со web страните на Министерството за образование и наука на Република Македонија, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и Филозофски факултет – Институт за педагогија. Оваа страна може да се дополни и со други линкови од значајни web страни на институции од областа на образованието и други, за кои училишниот педагог ќе оцени дека се од потреба.




*Сл.15 Линкови*

(Рецензент: *доц. д-р Анета Баракоска*)

## ЛИТЕРАТУРА

Активна настава - интерактивно учење, 1998, Скопје: Министерство за образование и физичка култура и Педагошки завод на Македонија.

Becker, H. J.; Ravitz, J., 1999, The Influence of Computer and Internet Use on Teachers' Pedagogical Practices and Perceptions, Washington: Journal of Research on Computing in Education, Vol. 31 Issue 4.

Велева, М., 1997, Согледувања за резултатите од проектот за Активна настава - интерактивно учење, Скопје: Просветен работник, бр. 833.

Vilotijević, M., 1992, Vrednovanje pedagoškog rada škole, Beograd: Naučna knjiga

Вилотијевић, М., 1996, Праћење, мерење и вредновање рада школе, Београд: Центар за усавршавање руководилаца у образовању.

Gooden, R. A., 1996, Computers in the Classroom, Apple Press Publication.

Davis, K. M., Garrett, M. T., 1998, Bridging the gap between school counselors and teachers: A... Professional School Counseling, Vol. 1 Issue 5.

Danilović, M., 1996, Savremena obrazovna tehnologija, Beograd: Institut za pedagoška istraživanja.

Downes, T., 1990, Tomorrow's challenge for computers in education: Putting practice into theory, Education, Vol. 110 Issue 4.

Информатичкото образование во Република Македонија, 1996, Скопје: Педагошки завод на Македонија.

Iuppa, V. N., 2001, Interactive Design for New Media and the Web, Focal Press.

Jurić, V., 1989, Metodika rada školskog pedagoga, Zagreb: Školska knjiga.

Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници, 1999, Скопје: Педагошки завод на Македонија.

Mandić, P., Mandić, D., 1997, Obrazovna informaciona tehnologija, Beograd: Učiteljski fakultet.

Mandić, P., Radovanović, I., Mandić, D., 2000, Uvod u opštu i informatičku pedagogiju, Beograd: Centar za usavršavanje rukovodilaca u obrazovanju.

Mandić, D., 2001, Informaciona tehnologija u obrazovanju, Sarajevo: Filozofski fakultet

Maciuba-Koppel, D., 2002, The Web Writer's Guide, Focal Press.

Надрљански, Ђ., 1996, Информатика за учитеље, Београд: Учитељски факултет

Nadrljanski, Đ., 1998, Trendovi informatike u obrazovanju i multimedija koncepti, Beograd: Zbornik radova: Informatika u obrazovanju, kvalitet i nove informacione tehnologije.

Потковьак, Н., Трнавац, Н., 1998, Инструменти за рад школског педагога, Београд: Педагошко друштво Србије.

Strauss, R., Hogan, P., 2001, Developing Effective Websites, Focal Press, 2nd edition.

Станојловић, Б., 1998, Програмирање и вредновање стручног усавршавања наставника, Зборник: Вредновање и рејтинг основне школе, Београд: Универзитет у Београду – Учитељски факултет.

Schrum, L., 1999, Technology Professional Development for Teachers. Educational technology, research and development, 47, 83.

Стојановска, В., 2002, Кооперативна активност на училишниот педагог и наставниците во основното училиште, докторска дисертација, Скопје: Филозофски факултет.

Трнавац, Н., 1996, Педагог у школи, Београд: Учитељски факултет.

House, R. M., Martin, P. J., 1998, Advocating for better futures for all students: A new vision for school counselors, Education, Vol. 119 Issue 2.

Vera STOJANOVSKA

# SCHOOL COUNSELORS MODEL OF WEB PAGE

## Abstract

*This study presents school counselors suggested model of web page. Global structures of suggested model consist of the following components: personal ID of school counselor, school counselor programme, instruments, themes for specialized lectures, project activities and pedagogical news. For all of these global structure components or hyperlinks, concrete contents are elaborated, important for introducing school councelor and his specialized effort in the school.*

***Key words:*** *SCHOOL COUNSELOR, WEB PAGE, PRIMARY/ELEMENTARY SCHOOL*